Билјана РИСТОВСКА-ЈОСИФОВСКА УДК 94(497.7)„9"

МАВРО ОРБИНИ ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА

Во овој прилог ќе се осврнеме на податоците од Марво Орбини за создавањето и карактерот на Самуиловата држава. Притоа ќе биде извршена споредбена анализа на други извори што известуваат за оваа проблематика.

Клучни зборови: Мавро Орбини, Комитопули, Самуил, Македонија.

Една од клучните појави во историјата на македонскиот народ е создавањето на Самуиловата држава во втората половина на X век. Нејзиното опстојување во текот на речиси половина век оставило длабоки траги во историјата и во традицијата на македонскиот, но и на другите балкански народи. За нејзиното создавање, развиток и уривање зборува и Мавро Орбини во своето дело „Кралството на Словените" (1601). Како извори за овој дел од историјата тој ги користи главно известувањата од Јован Скилица преку неговите компилатори Кедрен и Зонара, а за одредени настани го искористува и „Летописот на попот Дукљанин". Овојпат ќе се задржиме само на создавањето на Самуиловата држава, земајќи ги предвид двете востанија на комитопулите во 969 и во 976 година, како и на периодот меѓу нив сè до моментот кога Самуил, по смртта на своите браќа, останува единствен владетел на државата.

Имено, по смртта на својата жена (принцезата Марија, ќерка на синот на Роман Лакапен - Христофор), бугарскиот цар Петар (927-969) склучил сојуз со византискиот император Никифор II Фока, а како заложници во Цариград ги испратил своите синови Борис и Роман. Но, наскоро по склучувањето на сојузот, царот Петар умрел, а одделни болјари се обиделе да се отцепат од централната власт на веќе ослабнатата бугарска држава. Така, комитопулите Давид, Арон, Мојсеј и Самуил започнале со подготовки за востание, поради што

веднаш биле испратени Борис и Роман од Цариград во Бугарија. „Ним - вели Орбини - по смртта на татко им, им било допуштено да одат во Бугарија и да го преземат татковото кралство, бидејќи браќата Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синови на комитопул, многу уважен човек кај Бугарите, го поттикнувале тој народ на востание"[1].

Спомнувањето на таткото како „комитопул" е Орбиниева грешка. Тој го извртува латинскиот превод на Зонара, којшто не зборува за синови на комитопул, туку за синови на комит[2], односно синовите на комесот Никола[3]. Констатацијата, пак, дека тој бил многу уважен човек кај Бугарите, недвосмислено упатува на народот во Македонија, бидејќи тука всушност започнало востанието и е формирано јадрото на идното царство на Балканот. Особено е важно што овде авторот јасно соопштува за првото востание на комитопулите, бидејќи околу ова прашање сеуште постои дилемата дали било кренато само едно (во 976) или две востанија (во 969 и во 976 година)[4]. Известувањето за востание што се случило по смртта на Петар јасно укажува дека се работи за востанието во 969 година. Тогаш четворицата комитопули го искористиле моментот, ја отфрлиле бугарската власт и ја создале својата држава.

Во 969 година доаѓа Јован Цимискиј на власт во Византија. Тој, како што кажува Орбини, „го присилил рускиот кнез Свјатослав да се

---

[1] М а в р о О р б и н, Краљевство Словена, Београд, 1968, 235-236.

[2] Кај Зонара: „...ἑνὸς γὰρ τῶν κομήτων τῶν ἐν Βουλγάροις τέσσαρες παῖδες, Δαβίδ, Μωσῆς, Ἀαρών, Σαμουήλ, ἀποστατήσαντες τοὺς Βουλγάρ υς ἀνέσειον"" (Г ъ р ц к и извори за българската история, VII, София, 1968, 179). Сп.: С и м а Ћ и р к о в и ћ, Коментари и извори Мавра Орбина, во кн: Краљевство Словена, 369-370.

[3] За имињата на нивните родители види: Б о ж и д а р П р о к и ћ, Постанак једне словенске царевине, Глас, LXXVI, Београд, 1908, 243-246.

[4] На истото место, 213-224; и с т и о т, Јован Скилица као извор за историју маћедонске словенске државе, Глас, LXXXIV, Београд, 1910, 79-82; J a d r a n F e r l u g a, Le soulèvment des Comitopoules, Зборник радова Византолошког института, IX, Београд, 1966,75-84; С т ј е п а н А н т о л ј а к, Вистината за востанието на комитопулите, во кн: Средновековна Македонија, I, Скопје, 1985, 604-610; А. Л е р о а - М о л и н г е н, Синовите на Петар Бугарски и Комитопулите, во зб.: Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје, 1971, 59-64; В. Н. З л а т а р с к и, Западната българска държава до провъзгласяването на Самуила за цар, I, Македонски прегледъ, II, кн. 1, София, 1926, 7-8); Т а д е у ш В а с и л е в с к и, Генеза на Самоиловото царство. Неколку забелешки во врска со откритието на Оикономидес на новиот тактикон од X век, во зб.: Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самуиловата држава, 249-250); Б р а н к о П а н о в, Самуиловото царство, во кн.: Средновековна Македонија, III, 45-46.

повлече во својата земја“ (во 971 година)[5], а Бориса го лишил од бугарскиот престол и го одвел во Цариград, „каде што наредил да му се симнат обележјата на неговото кралство, т.е. златната круна, капичката од фина ткаенина и чевлите од црвен скарлат, та му доделил чест на магистер“[6]. Во времето на царувањето на Јован Цимискиј, комитопулите, веројатно морале да ја признаат номиналната византиска власт, поради што и биле оставени мирно да владеат[7]. Меѓутоа, Мавро Орбини дава многу малку податоци за тој период, па не спомнува ништо ни за пратеништвото во Кведлинбург кај германскиот цар Отон I во 973 година, што во науката се толкува и како своевиден чин на признавање на новата држава. Орбини за тој период пишува единствено за некои двајца владетели во Бугарија, Селевкиј и Сабин, по чијашто смрт Византијците „го покориле и го подјармиле Бугарското Кралство“[8]. Спомнувањето на овие двајца владетели Ќирковиќ го објаснува како забуна, бидејќи бугарски владетели Селевкиј и Сабин II воопшто не постоеле, туку два века пред тоа постоеле хановите Телец (761-764) и Сабин (765-767). Имено, Орбини погрешно го прочитал Телец како Сабин и бидејќи по него доаѓа владетел со истото име, тој логично би требало да биде Сабин II. На тој начин дошло и до дуплирање[9].

Мавро Орбини потоа преоѓа на периодот кога во 976 година доаѓа на власт царот Василиј Порфирогенит (Василиј II), кој го наследил Јована Цимискиј. Тогаш „Бугарите[10] почнале да се бунат, та му ја предале управата на своето кралство на браќата Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синовите (како што е речено) Комитопулови“[11]. Со овој исказ Орбини всушност констатира второ востание на комитопулите во 976 година, по смртта на Јован Цимискиј, кога конечно

[5] М а в р о О р б и н, цит. дело, 236.
[6] На истото место, 237.
[7] С т ј е п а н А н т о л ј а к, Создавањето и проширувањето на јадрото на Самуиловата држава во периодот од 969 до 976 година, во кн.: Средновековна Македонија, I, 651.
[8] М а в р о О р б и н, цит. дело, 237.
[9] С и м а Ћ и р к о в и ћ, Коментари и извори, 370.
[10] Македонците се именувани под поданичкото име *Бугари*. За тоа прашање види: В и з а н т и ј с к и извори за историју народа Југославије, III, Београд, 1966, 59-60 бел. 9; С т ј е п а н А н т о л ј а к, Самуиловата држава, во кн.: Средновековна Македонија, I, 306-308. бел. 43; Б р а н к о П а н о в, За етногенезата на македонскиот народ, во кн.: Средновековна Македонија, III, 25-26.
[11] М а в р о О р б и н, цит. дело, 237.

почнува повторното самостојно владеење на четворицата браќа. Меѓутоа, тој е контрадикторен кога соопштувањето за Самуил, во делот земен од „Летописот на попот Дукљанин", го започнува со следново: „Во времето на Тугемир успеал да дојде до власта во Бугарија некојси Самуил, кој, војувајќи со Грците, коишто ја држеле Бугарија во ропство, успеал најпосле да ги изгони од неа"[12]. Тука Орбини се поведува по Дукљанин, па, именувајќи ја Македонија како Бугарија, не го спомнува ниту првото востание, ниту ги спомнува другите браќа на Самуил. Се чини дека Орбини на ова место зборува за Самуил како тој сам да ја отфрлил византиската власт, иако тоа не се согласува со податоците од другиот дел на книгата, каде што користи други извори[13].

За смртта на Самуиловите браќа[14] Орбини само кратко известува дека „Давид наскоро умрел, Мојсеј загинал при освојувањето на Серез од удар со камен, а Арон бил убиен по наредба на својот брат Самуил со целото семејство, освен еден син, којшто носел две имиња, Јован Свендослав" („Gioanni Sfendoſlauo")[15]. Под последново име се подразбира Јован Владислав, коешто во натамошниот текст на Орбини е предадено како „Giouani Vuladislauo"[16].

Според Јован Скилица, Давид бил убиен од патници Власи меѓу Костур и Преспа, кај местото Убавите Дабови, додека неговиот брат Мојсеј загинал при опколувањето на Серез, а третиот брат Арон, бил

[12] М а в р о О р б и н и, Царството на Славяните 1601. Откъси, София, 1983, 142. „Nel tempo di questo Tugemir fù assunto all'Imperio di Bulgaria un certo Samuelo, il quale compattendo co'Greci, che teneuano oppressa la Bugaria, finalmente da quella gli scacciò... " (M a u r o O r b i n i, Il Regno degli Slavi, 1601, München, 1985 /фототипно издание/, 220). Во коментарот за „Летописот на попот Дукљанин" Мијушковиќ кажува дека во Ватиканскиот ракопис на Летописот, по името на Тугемир стои и името Тихомир, коешто е прецртано (С л а в к о М и ј у ш к о в и ќ, Љетопис попа Дукљанина, Београд, 1988, 169).

[13] Басотова смета дека ова Дукљаниново кажување за Самуил се однесува за периодот на неговото самостојно владеење по 976 година (Љ у б и н к а Б а с о т о в а, „Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја, во кн.: Споменици за средновековната историја на Македонија, том V, Прилеп, 1988, 174).

[14] Најстариот брат Давид, во почетокот на востанието, бил врховен поглавар и командант на војската. Оваа улога подоцна ја презел Мојсеј, а по неговата смрт Арон (Б о ж и д а р П р о к и ћ, Постанак једне словенске царевине, 278).

[15] M a u r o O r b i n i, цит. дело, 428-429. Во српскиот превод на „Кралството на Словените" стои „Јован Светослав" (М а в р о О р б и н, цит. дело, 237-238).

[16] M a u r o O r b i n i, цит. дело, 429 и 435. За ова име кај Скилица, види: В и з а н т и ј с к и извори, III, 77.

убиен од Самуил на местото Раметаница[17]. Така ја прикажува нивната смрт и Јован Зонара[18]. Смртта на Давид во почетокот на востанието (во јануари или февруари 976 година) во Западна Македонија, според Прокиќ, укажува на областа од која востанието почнало да се шири. Тоа од друга страна, значи дека била ослободена првин Македонија, а дури потоа и Бугарија[19]. За смртта на Мојсеј, Орбини доследно го пренесува Кедрен, кој ја раскажува едната од двете верзии - дека умрел при опсадата на Серез од удар со камен, наспроти другата, според која паднал од коњот и бил удавен од еден војник на дуксот Мелисен[20]. Убиството на Арон, според Орбини, „му се случило или затоа што работел на тоа да стане апсолутен господар на Бугарите или пак затоа што се покажувал наклонет кон Ромеите„[21].

Мавро Орбини го посочува местото на смртта на тројцата браќа Давид, Мојсеј и Арон, но не прецизира и со кои области тие управувале[22]. Борис, пишува тој, незадоволен, тргнал од Цариград и минувајќи низ една шума бил убиен од еден „Бугарин", кој не го препознал така облечен во византиска облека[23]. Така Самуил станал самодржец (монарх) во 976 година[24], „единствен владетел" („Samuelo solo Signore in Bulgaria")[25]. Потоа навлегол во западните византиски области, ограбувајќи ја цела Далмација, во која, меѓу другото, го запалил и предградието на Дубровник и првиот град Котор, кој тогаш бил разорен[26]. Орбини го цитира Георгиј Кедрен, кога кажува дека го вознемирил целиот Запад со своите освојувачки походи, ги опус-

[17] На истото место, 71-77.
[18] На истото место, 246.
[19] Божидар. Прокић, Постанак једне словенске царевине, 273-274.
[20] Прокиќ ја прифаќа втората верзија (На истото место, 276-277, бел. 2).
[21] Мавро Орбин, цит. дело, 238.
[22] Сп.: Н. П. Благоев, Царувалъ ли е Ааронъ, братътъ на царъ Самуила, и кога?, Македонски прегледъ, III, кн. 4, София, 1927, 25; В. Н. Златарски, Западната българска държава, I, 6-7 и 13; коментарот на Ј. Ферлуга во кн.: Византијски извори, III, 77-79, бел. 24; Стјепан Антолјак, Самуиловата држава, 359, бел. 223; Бранко Панов, Струмичката област во времето на Самуил, во кн.: Средновековна Македонија, III, 485, бел. 163.
[23] Мавро Орбин, цит. дело, 237.
[24] Стјепан Антолјак, Самуиловата држава, 362.
[25] Mauro Orbini, цит. дело, 429. Под „Бугарија" тука се подразбира македонската држава. Види: Бранко Панов, Самуиловото царство, 46; истиот, Охрид и Охридската област од средината на X до крајот на XII век, во кн.: Средновековна Македонија, III, 723-725.
[26] Мавро Орбин, цит. дело, 238.

тошил Тракија и Македонија со местата околу Солун, а ги уништил и Тесалија, Грција и Пелопонез, зазел и многу градови и утврдувања, меѓу кои најзначаен бил градот Лариса; и многу пати им нанел пораз на Ромеите, поразувајќи ги до нога нивните војски[27].

Самуиловата држава, којашто зафаќала голем дел од Балканскиот Полуостров, успеала да опстане сè до 1018 година, кога конечно потпаднала под византиска власт. Значењето на оваа државна творба за македонската историја е големо, особено ако се има предвид дека нејзиното создавање го овозможило државното изделување на македонскиот народ и создавањето на посебна црква. Консултирајќи ги изворите за тој период, Мавро Орбини ја почувствувал важноста на оваа средновековна држава и доста детално го проследил нејзиното создавање, развиток и ликвидирање. Меѓутоа, благодарејќи на бугарската државничка традиција, тој сепак не можел да го разграничи македонскиот народ од етничките Бугари. Имено, Мавро Орбини не кажува многу ни за потеклото на Самуил. Тој само соопштува дека „браќата Давид, Мојсеј, Арон и Самуил се синови на комитопул, многу уважен човек кај Бугарите“[28]. Орбини воопшто ги изедначува Бугарите со поданиците на бугарската држава, и Македонците, па и државата ја нарекува „Бугарско Кралство“. Притоа за Владислав пишува дека е „бугарски император“[29], иако Дукљанин, од кого што го презел тоа, за него вели дека е „император на Бугарија“[30]. Од друга страна, известувањето на Дукљанин за „императорот на Булгарините и кралевите на оваа земја“[31] го заменува едноставно со „Самуил и Владислав“[32]. Орбини не бил прецизен и не го разбирал значењето на

[27] На истото место. Под поимот „Запад“ се подразбиале: Тракија, Македонија, Никипол, Килириот, Елада, Сицилија, Стримон, Кефалонија, Солун, Драч, Самос, Егејско Море, Далмација и дури Херсон (С т ј е п а н А н т о л ј а к, Создавање и проширување на јадрото на Самуиловата држава во периодот од 969 до 976 година, 654).

[28] М а в р о О р б и н, цит. дело, 236 и 237. За потеклото на царот Самуил и неговите браќа види: С т ј е п а н А н т о л ј а к, Самуиловата држава, 315-326.

[29] „...intesa la morte di Vladislauo, Imperadore Bulgaro“ (M a u r o O r b i n i, цит. дело, 226).

[30] „Igitur post mortem Vladislavi imperatoris Bulgariae“ (Ф е р д о Ш и ш и ќ, Летопис попа Дукљанина, Београд-Загреб, 1928, 334).

[31] „Imperator Bulgarinorum mortuus est et reges huius terrae mortui sunt“ (На истото место, 242).

[32] „Samuelo, & Vuladislauo, che furono Rè di queste Prouincie, sono Morti“ (M a u r o O r b i n i, цит. дело, 225).

етнонимот *Булгарини*[33] што го употребува Дукљанин, па оттука и неговиот превод на исказот „Се издигнал во народот на Булгарините некој Самуил"[34] со реченицата: „До власта во Бугарија се дограбил некојси Самуил"[35], а Дукљаниновиот „император на Булгарините"[36] го превел со „император на Бугарите"[37]. Убедувањето на Орбини дека Самуил бил Бугарин по потекло уште појасно се гледа од тоа што синтагмата „императорот Самуил"[38] од „Летописот", во своето дело ја преведува како „Самуил Бугаринот"[39], а и понатаму исто така го нарекува[40]. Сепак, чувствувајќи се можеби несигурен при преводот, „Бодин императорот на Булгарините"[41], го преведува само како „Бодин"[42].

Орбини, всушност, во тоа време и не можел да прави разлика помеѓу Македонците и Бугарите. И покрај тоа што денешните Македонци тогаш биле господствувачки народ, а Бугарите доаѓале дури на трето место според етничката застапеност, оваа државна творба и нејзините жители го носеле бугарското државно име. Оттука, Прокиќ забележува дека политичкото именување воопшто не одговарало на етничкиот состав[43]. Мавро Орбини, во поглед на именувањето, постапувал како и најголемиот дел од византиските и од латинските автори. Тоа се должи на востановената традиција од 927 година, кога Византија официјално го признала Бугарското Царство, а сите негови жители, без разлика на етничката припадност,

---

[33] Дукљанин прави разлика меѓу „Булгари" и „Булгарини", под кои се подразбираат Македонците. За тоа види: Љ у б и н к а Б а с о т о в а, „Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја, 180-184. За поимот „Бугари" кај Мавро Орбини види: Б и л ј а н а Р и с т о в с к а - Ј о с и ф о в с к а, Кирило-методиевската проблематика во делото „Кралството на Словените" од Мавро Орбини, Balcanoslavica, 25 (1998), Прилеп, 1998, 209-218.

[34] „Eo tempore surexit gente Bulgarinorum quidam Samuel" (Ф е р д о Ш и ш и ќ, цит. дело, 330).

[35] М а в р о О р б и н и, Царството на Славяните, 142; „Nel tempo di questo Tugemir fù assunto all'Imperio di Bulgaria un certo Samuelo" (M a u r o O r b i n i, цит. дело, 220).

[36] „Bulgarinorum imperator" (Ф е р д о Ш и ш и ќ, цит. дело, 331).

[37] „Imperadore de'Bulgari" (M a u r o O r b i n i, цит. дело, 221).

[38] „Imperator Samuel" (Ф е р д о Ш и ш и ќ, цит. дело, 336).

[39] „Samuelo Bulgaro" (M a u r o O r b i n i, цит. дело, 223).

[40] На истото место, 298.

[41] „Bodinus Bulgarinorum imperator" (Ф е р д о Ш и ш и ќ, цит. дело, 358).

[42] M a u r o O r b i n i, цит. дело, 232.

[43] Б о ж и д а р П р о к и ќ, Постанак једне словенске царевине, 297-298.

почнала да ги третира како Бугари. Именувањето на Македонците, Србите и другите поданици на оваа држава со поданичкото име „Бугари", продолжило и по нејзиното ликвидирање во 971 година[44].

[44] Види: Б р а н к о П а н о в, За етногенезата на македонскиот народ, во кн.: Средновековна Македонија, III, 25-30.

Biljana RISTOVSKA-JOSIFOVSKA

MAVRO ORBINI ABOUT THE FOUNDATION OF THE SAMUEL'S STATE

Summary

In 969 the Slavs in Macedonia raised a rebellion, led by the sons of Prince Nikola the comitopules David, Aron, Mojsej and Samuel. The rebellion was carried out successfully and as a result of this a new state was founded in the Balkans, known as "Samuel's Empire". The four brothers were jointly ruling the state, but an uprising against Byzantine rule took place in Macedonia in 976. As a result of this they attained its independence. In the same year Samuel's brothers were killed and he became the sole monarch of the state.

Concerning the foundation and the character of the Samuel's state, Mauro Orbini has presented numerous information in his work "The Kingdom of the Slavs" (1601). Our intention is to analyse them, comparing the other sources about these problems.